Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 329, 15 септември 2023 година

септември 2023 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ИСТОРИЈА НА СРЕДНИОТ ВЕК И ВИЗАНТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 3

РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ „РАСТИТЕЛНА ВИРОЛОГИЈА – ОПШТ ДЕЛ” ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЕМИЛИЈА АРСОВ И ПРОФ. Д-Р САША МИТРЕВ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 26

ПРЕГЛЕД
НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3 ........ 30

П Р Е Г Л Е Д
НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ........ 30

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ИСТОРИЈА НА СРЕДНИОТ ВЕК И ВИЗАНТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1602/113/3 од 14.8.2023 година донесена на 186. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 14.8.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник за наставно-научните области 60103 средновековна историја и 60104 византологија на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 8/9 јули 2023 година и во предвидениот рок се пријави: вонреден професор д-р Стојко Стојков.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно- научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Кандидатот д-р Стојко Стојков е роден на 16 април 1974 г. во град Сандански, Пиринска Македонија (Бугарија). Основно и средно образование завршил во родниот град. Во 1992 г. се запишал на Институтот за историја на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирал во 1998 г. со просек 9.08, за што ја добил наградата „Љубен Лапе“ за студент по историја со највисок просек за соодветната година. Меѓу 1996 – 2000 г. соработувал и објавувал во списанието на Пиринската емиграција во Република Македонија „Пирински глас“. Од 1997 до 2002 г. работел како хонорарен преведувач од бугарски на македонски јазик и од македонски на бугарски јазик на историски документи по различни проекти за Државниот архив на Македонија. Меѓу 1999 – 2002 г. пишувал за списание „Македонско сонце“. Во 1998 г. се запишал на магистерски студи по средновековна историја на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои ги завршил со просек 9.80. Магистерскиот труд го одбранил на 3 јули 2003 г. пред Комисија во состав проф. д-р Коста Аџиевски, проф. д-р. Димитар Димески и доцент д-р Александар Атанасовски на тема „Македонија помеѓу Византија и Бугарија VII – X в. (политички и етнички односи)“ и се здобил со звање магистер по историски науки.

Од 1998 г. д-р Стојко Стојков настапува со свои реферати на научни конференции во земјава и во странство и објавува научни трудови во научни списанија и зборници. Од 2004 до 2022 г. е заменик на главниот уредник, новинар и технички уредник на „Народна волја – македонски весник за теорија, историја, култура и уметност“. Од 2005 до 2015 г. е главен уредник на билтенот „Македонски глас“. Во последните две списанија објавува голем број научно-популарни статии, критики, спомени и документи од научно значење.

Во 2013 г. докторира на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на тема „Поимите Словени Бугари во Македонија и Бугарија (7 - 13 в.)“, пред Комисија во состав академик д-р Георги Поп-Атанасов, проф. д-р Коста Аџиевски, проф. д-р Александар Атанасовски, проф. д-р Бобан Петровски, вонр. проф. д-р Тони Филипоски и се здобива со научното звање доктор на историски науки.

Во 2014 г. д-р Стојко Стојков е избран за доцент на Факултет за образовни науки при УГД - Штип од областа на средновековната историја и држи настава по предметите: Европа и средниот век 300 – 1000 г., Светот и Европа во средниот век (1000 год. до средината на XVI век, Стар Рим, Источно Римско Царство (Византија) (324 г. - X век), Источно Римско Царство (Византија) (X-1453), Империјата на Новиот Рим (Византија (324 – 1025), Империјата на Новиот Рим Византија 1025 – 1453 г. Извори и историографија за историјата на Македонија во средниот век, Македонија во средниот век, Балканот во средниот век, Византиска цивилизација – I, Византиска цивилизација - II. Учествува во изработувањето на елаборатите за прв циклус на студии: Историја и Историја (наставна насока) и самостојно изработува елаборат за втор циклус на студии: Византија и Балканот. Во 2014 година ја објавува својата прва монографија Табу: време на страв и страдање, прогонувањето на Македонците во Бугарија за време на комунизмот (1944 – 1989).

Во 2016 г. е еден од основачите, а од тогаш до сега - член на претседателството на Комитетот за византологија и медиевистика на Република Македонија.

Во 2018 г. д-р Стојко Стојков е избран за вонреден професор на Факултет за образовни науки при УГД - Штип од областите средновековна историја и византологија. Го изработил елаборатот за втор циклус на студии на Факултетот за образовни науки: Историја, митови, идентитети и учествувал во пишувањето на елаборатот за прв циклус студии, програмата за Историја и археологија.

На прв циклус ги држи предметите од областа на средниот век (Македонија и Европа), византологија и теорија на историјата: Империјата на Новиот Рим (325 – 1025), Империјата на Новиот Рим (1025 – 1453), Македонија во средниот век, Европа и Медитеранот (375 – 1054), Европа и Медитеранот (1054 – 1568), Вовед во историјата и методологија на историската наука, Помошно историски науки, Средновековен Балкан историја и култура, Византиска цивилизација (I и II). На втор циклус студии ги држи предметите: Под сенката на Новиот Рим: идентитетите на средновековниот Балкан и Синовите на Ное и Божјиот народ: идентитетите во Европа и Медитеранот во средниот век; а заедно со други професори ги држи предметите: Развој на македонскиот идентитет во 19 и 20 век и Македонскиот идентитет надвор од (Н)Р Македонија.

Член е на организациските одбори на различни научни конференции, зборници од научни конференции. Член е на редакцијата на Review of Institute of History and Archelogy на Институтот за историја и археологија при ФОН УГД – Штип.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот при избор во звање редовен професор**

**Општи услови за избор**

1. Кандидатот д-р Стојко Стојков има завршено Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со просечен успех 9.08 и се има стекнато со звање дипломиран професор по историја. Постдипломски студии има завршено на истиот факултет со просек 9.80 и се има стекнато со звање магистер по историја.

2. Кандидатот Стојко Стојков е доктор по историски науки, степен стекнат на Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со одбрана на докторски труд со наслов „Поимите Словени и Бугари во Македонија и Бугарија (7 – 13 в.)“ и претходно - магистер по историја на истиот факултет, со одбрана на магистерски труд на тема „Македонија помеѓу Византија и Бугарија VII – X в. (политички и етнички односи)“.

3. Кандидатот д-р Стојко Стојков има објавено повеќе од шест рецензирани научни труда во референтни научни публикации во последните пет години пред објавувањето на огласот за овој избор, согласно со Законот за високо образование по кој е распишан овој Конкурс.

Трудови кои претставуваат научни публикации согласно со важечкиот Закон за високо образование и се законски услов за избор во звање редовен професор:

| *Бр.* | *Автор* | *Наслов на трудот* | *Наслов на публикацијата* | *Година* |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Stojko Stojkov | From ‘Nations’ to ‘Archontias’ (I) ‘Sclavinia’ and ‘Sclavoarchontia’: Terms and Chronology | Slověne, International journal of Slavic studies, 9 (1) pp. 7-28, ISSN 2305-6754 | 2020<br>Impact factor 0.211 |
| **2.** | Stojko Stojkov | From ‘Nations’ to ‘Archontias’ (II) Terms ‘Sclavinia’ and ‘Sclavoarchontia’ and Incorporation of Balkan Slavs in Byzantium. | Slověne, International journal of Slavic studies, 9 (2), pp. 7-37. ISSN 2305-6754 | 2020<br>Impact factor 0.211 |
| **3.** | Stoyko Stoykov, Nataliya Butusova | Subjective and objective in the national self-identification of Macedonians in Bulgaria | Balkan Social Science Review, 16. pp. 227-245. ISSN 1857-8772 | 2020<br>impact factor 0.159 |
| **4.** | Стојко Стојков | „Склавинија“ кај Теофилакт Симоката | Историја, 53 (1), pp. 15-40. ISSN 0579-0263 | 2018 |
| **5.** | Стојко Стојков, Верица Јосимовска | Идеите за етногенеза на македонскиот народ пред 1944 г. | Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, 4 (1). pp. 80-93. ISSN 2671-3144 | 2017 (објавено во 2018) |
| **6.** | Стојко Стојков | Идентитет, наука и политика: идеите за етногенеза во македонската медиевистика 1944 – 1991. I. Развој на идеите за етногенезата од 1949 до 1970-те години | Review of the Institute of History and Archaeology RIHA, 5 (1), pp. 42-66. ISSN 2671-3144 | 2018 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | Stojko Stojkov, Ljuben Tevdovski | Few dilemmas related to the alleged Bulgarian plans for incursion in 'sclavinia Berzitia' | Review of the Institute of History and Archaeology RIHA, vol 3 (1), 90-109, ISSN 2671-3144 | 2016 (објавено во 2018) |
| **8.** | Верица Јосимовска, Стојко Стојков | Organization of illegal sanitation service in Macedonia during the wwii | Review of the Institute of History and Archaeology RIHA, vol 3 (1), 117-131, ISSN 2671-3144 | 2016 (објавено во 2018 |
| **9.** | Стојко Стојков | Идентитет, наука и политика: идеите за етногенеза во македонската медиевистика 1944 – 1991 (II): Интерпретација на етногенезата во трудовите на македонските медиевисти во 1970-те и 1980-те | Review of the Institute of History and Archaeology RIHA, 6 (1). 29 – 58, ISSN 2671-3144 | 2019 |
| **10.** | Стојко Стојков | The term Sclavinia in Byzantine sources:Re-examination of the chronological framework | Monumenta, 4, pp. 413-435. ISSN 1857-999x | 2019 |
| **11.** | Стојко Стојков | Some Observations on the Appearance and Use of the Term Sclavinia in the Middle Ages | Гласник на институтот за национална историја, 63 (1-2), pp. 33-58. ISSN 0583-4961 | 2019 |
| **12.** | Стојко Стојков | За политичката основа на етничките нации и улогата на големите сили во нациогенезата на Балканот: балканските нации како Self-Fulfilling Prophecy | Review of the Institute of History and Archaeology RIHA, Vol. 7 No. 1, 68-81, ISSN 2671-3144 | 2020 |
| **13.** | Stojko Stojkov | Subjective and objective in the national self-identification of Macedonians in Bulgaria, Balkan | Social Science Review vol. 16. pp. 227-245. ISSN 1857-8772 | 2020 |
| **14.** | Stojko Stojkov | A Contribution towards the Ideology of MRO in 1897/1898, Two English Documents from January 1898 | Review of the Institute of History and Archaeology RIHA Vol. 8 No. 1, 22-34 | 2021 |
| **15.** | Stojko Stojkov | The continuation of communist-era totalitarian policies in the European Union: the case of Bulgaria, the Macedonian minority and Macedonia's EU integration | Security Dialogues, 12 (1), pp. 49-67. ISSN 1857-7172 | 2021 |

4. Стојко Стојков е избран за вонреден професор од областите средновековна историја и византологија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, на 11 декември 2018 г. со Одлука бр. 1602-109/6 од 11.12.2018 г.

5. Од научната област за која се избира има објавени рецензирани универзитетски учебник „Империјата на Новиот Рим (1025 – 1453)", УГД - Штип, 2023 г. и универзитетски практикум „Империјата на Новиот Рим (1025 – 1453)",

УГД - Штип, 2023 г., монографија „Многуимените други, Македонија како пресечна точка на другоста на средновековниот Балкан (Идентитетски студии)“, Универзитетска библиотека УГД - Штип, 2023.

6. Од својот избор во доцент во 2014 г. и за време на своето работење како вонреден професор кандидатот Стојко Стојков има држено предавања и вежби по голем број предмети од обласа на средниот век и историјата на Византија, како и од сродни научни области. На прв циклус: Империјата на Новиот Рим (325 – 1025), Империјата на Новиот Рим (1025 – 1453), Европа и Медитеранот (375 – 1054), Европа и Медитеранот (1054 – 1568), Македонија во средниот век, Вовед во историјата и методологија на историската наука, Помошно историски науки, Средновековен Балкан - историја и култура, Византиска цивилизација (I и II). На втор циклус студии ги држи предметите: Под сенката на Новиот Рим: идентитетите на средновековниот Балкан и Синовите на Ное и Божјиот народ: идентитетите во Европа и Медитеранот во средниот век; а заедно со други професори ги држи предметите: Развој на македонскиот идентитет во 19 и 20 век и Македонскиот идентитет надвор од (Н)Р Македонија. Освен непосредните задолженија како професор (предавања, консултации, колоквиуми, испити), кандидатот учествувал и во изработка и одбрана на дипломски работи (ментор и член на комисија). Бил рецензент на докторски трудови, монографии и статии, учествувал во изработување на елаборати. Владее активно македонски, англиски и бугарски, а пасивно руски, српски, старословенски јазик.

**Посебни услови**

Кандидатот учествувал во голем број научни проекти како раководител и учесник, а моментално е учесник во проектот: Социо-антрополошки, правни и историски аспекти на заштитата на културното и историското наследство на општина Карбинци, Правен факултет при УГД – Штип, 2023 г.

Од стекнувањето наставничко звање доцент до денес, кандидатот има придонесено во оспособувањето на помлади наставници и соработници, преку вклучување во стручни и научни активности, членства во комисии за оценување, рецензирање на научни и стручни трудови, докторски тези, давање стручни мислења по барање на колеги, преку членство во уредувачки одбори на списанија и зборници. Под негово раководство се изработени и одбранети дипломски работи на Факултетот за образовни науки, а бил член во голем број комисии за одбрана на такви. Автор е на скрипта со практикум, учебник и практикум.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатот д-р Стојко Стојков, на 49. седница на ННС на ФОН, одржана на 22 јануари 2014 г., со Одлука бр. 2102-37/17 од 22.1.2014 г. бил избран за доцент од обласа на средновековната историја. Во периодот 2014 – 2018 г. ги предавал предметите Европа и средниот век 300 – 1000 г., Светот и Европа во средниот век (1000 год. до средината на XVI век, Стар Рим, Источно Римско Царство (Византија) (324 г. - X век), Источно Римско Царство (Византија) (X-1453), Империјата на Новиот Рим (Византија (324 – 1025), Империјата на Новиот Рим Византија 1025 – 1453 г. Извори и историографија за историјата на Македонија во средниот век,

Македонија во средниот век, Балканот во средниот век, Византиска цивилизација – I, Византиска цивилизација – II.

На втор циклус студии ги држел предметите Византија и Балканот, чиј елаборат самостојно го изготвил ги држел предметите: Византија и Балканот – вовед во проблематиката, Етницитет и етнички поими на Балканот во средниот век, Извори и историографија за историјата на Византија и Балканот.

На 128. седница на ННС на ФОН, одржана на 11.12.2018 г., со Одлука бр. 1602-109/6 од 11.12.2018 г. д-р Стојко Стојков е избран за вонреден професор по средновековна историја и византологија. Во наредниот период ги предавал на прв циклус студии предметите: Империјата на Новиот Рим (Византија (324 – 1025), Империјата на Новиот Рим Византија 1025 – 1453 г., Македонија во средниот век, Европа и Медитеранот (375 – 1054), Европа и Медитеранот (1054 – 1568), Средновековен Балкан историја и култура, Балканот во средниот век, Византиска цивилизација – I, Византиска цивилизација – II, Вовед во историјата и методологија на историската наука, Помошно историски науки. На втор циклус студии по програмата Историја, митови и идентитет, чиј елаборат го изготвил, ги држи самостојно предметите: Под сенката на Новиот Рим: идентитетите на средновековниот Балкан и Синовите на Ное и Божјиот народ: идентитетите во Европа и Медитеранот во средниот век; а заедно со други професори ги држи предметите: Развој на македонскиот идентитет во 19 и 20 век и Македонскиот идентитет надвор од (Н)Р Македонија.

Во периодот 2018 – 2023 г. давал мислење по кандидат за докторски дисертации по барање на соодветните институции, изработил елаборат за втор циклус студии и учествувал во изработување на елаборат за прв циклус студии, бил ментор на два дипломски труда и член во комисија на поголем број дипломски трудови. На веб-страницата на УГД има издадено учебник и практикум со идентичен наслов „Империјата на новиот Рим (1025 – 1453)“.

Кандидатот д-р Стојко Стојков е член на уредувачкиот одбор на Годишниот зборник на Институтот за историја и археологија, на зборникот „Самуиловата држава илјада години потоа (1018–2018)“, Скопје, 2022 г., на организациските одбори на научните собири: Образованието од Климента до денес, 7.12.2021 г., Штип; Самуиловата држава-1000 години потоа (1018-2018), 25-26 октомври 2018 г., Охрид, организиран од Комитетот за византологија и медиевистика на Република Македонија; 650 години од битката на Марица (1371-2021), Скопје, МАНУ, 17.12.2022 г., Комитет за византологија и медиевистика на Република Македонија. Член е на претседателството на Комитетот по византологија и медиевистика на Р Македонија на Институтот за Историја и археологија и Катедрата за историја и археологија при ФОН – УГД – Штип.

**Евалуација на научните трудови објавени по изборот во вонреден професор, кои не биле бодувани во претходен избор**

**Монографија или научна книга**

1. Стојко Стојков, Многуимените други, Македонија како пресечна точка на другоста на средновековниот Балкан (Идентитетски студии), Штип, 2023

Наведениот труд ги има собрано и презентирано најзначајните резултати од истражувањата на авторот во однос на идентитетот и етницитетот во Македонија и пошироко на Балканот во средниот век. Специјално внимание е обратено на семантиката, употребата на клучни поими и поврзување на истите во нивниот природен средновековен контекст, ослободено од модернизирање на истите и од влијанија на современи идеолошки интерпретации на минатото. Книгата ги применува најновите достигнувања на науката во областа на идентитетот, етницитетот и национализмот.

2. Стојко Стојков, Никола Вапцаров, „Ние сме македонци и нашето творчество трябва да бъде в служба на македонската кауза". Македонски културен клуб „Никола Вапцаров", Благоевград, 2022, ISBN 978-619-188-947-1

Трудот претставува зборник со творби и документи од Никола Вапцаров и спомени од негови современици, кои го покажуваат неговиот македонски идентитет и самосвест. Придружен е со коментари и вовед. Издаден е на бугарски јазик, а има веќе и второ издание.

**Дел од монографија или научна книга**

3. Stoyko Stoykov, Persecution of "Non-Existent": Repression of Macedonians in Bulgaria during the Communist Period (1944 – 1989). In: Macedonia & its Questions. Studies on Language and Culture in Central and Eastern Europe (34). Peter Lang, Berlin, 2020, pp. 205-255. ISBN 978-3-631-81911-1

Прв труд кој детално ги обработува репресиите против македонското малцинство во Бугарија за време на комунизмот и прво претставување на темата на светската научна сцена преку издавањето во престижното светско издателство Петер Ланг. Освен што презентира голем број оригинални или неискористени податоци трудот аргументира и многу нови идеи и интерпретации на оваа слабо истражувана тема и како таков има посебно научно значење.

4. Стојко Стојков, Многуимените други: Македонија како пресечна точка на другоста на средновековниот Балкан. Прилози за историјата на Македонија и македонската култура. Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2021, с. 147-165. ISBN 978-608-203-316-7

Трудот презентира оригинална концепција за третирање на идентитетот во средновековна Македонија, особено користен кога се истражува најкомплицираната тема – идентитетот на обичните луѓе и популации без постојана елита или институции. Во средниот век луѓето во Македонија се гледани како други и различни од различните центри на моќ на Балканот: Константинопол, Плиска, Преслав, Трново, Рас. Таа „другост" не е фиксирана строго со границите на Македонија: понекогаш е поширока, друг пат покрива само дел од Македонија. Во различни времиња другоста е изразувана под различни имиња, но сфаќањето на голем дел од луѓето овде како „други" е константа низ скоро целиот среден век. Овој текст го проследува токму овој феномен и ги истражува користените за населението надворешни имиња од аспект на нивно потекло, карактер, употреба и нивната (не)прифатеност од населението што е категоризирано како друго. Еден од заклучоците е дека од сите имиња користени за означување

на другоста во Македонија: Словени, Бугари, Мизи, Грци и Скити, единствено Словени било употребувано како свое од населението и тоа во етничка смисла. Трудот нуди оригинален приод, идеја, интерпретација и аргументација на важна и комплицирана историска проблематика.

**Научни трудови објавени во списание со импакт фактор,**

5. Stoyko Stoykov, From 'Nations' to 'Archontias' (I) 'Sclavinia' and 'Sclavoarchontia': Terms and Chronology, Slověne, International journal of Slavic studies, 9 (1), 2020, pp. 7-28, Impact factor 0.211

Претставува прв дел од истражувањето на проблемот со појавата и значењето на терминот Склавинија во средновековните извори. Со него авторот се вклучува во дебатата по тоа прашање која е особено актуелна во последната деценија. Овој прв дел нуди детална анализа на историските извори во кои се употребува поимот Склавинија и го дебатира прашањето за хронологијата на употреба на овој поим. Оваа и наредната статија претставуваат досега најдеталната и аргументирана анализа на појавата, хронологијата, начините на употреба, причините за појава и излегување на употреба на овој значаен историски поим. Понудените решенија се оригинални и директно влијаат врз разбирањето на историските процеси во раниот среден век.

6. Stoyko Stoykov, From 'Nations' to 'Archontias' (II) Terms 'Sclavinia' and 'Sclavoarchontia' and Incorporation of Balkan Slavs in Byzantium. Slověne, International journal of Slavic studies, 9 (2), 2020, pp. 7-37. ISSN 2305-6754, Impact factor 0.211

Вториот дел на трудот посветен на поимот Склавинија ја истражува врската меѓу политички и административни промени на Балканот и појавата на соодветните поими. Оригинална теза на авторот е дека поимот Склавинија е поврзан со специфичен статус даван на словенски единици соседни на византиските теми, кои имале за цел заштита на истите, додека склавоархонтија се однесува на истите единици веќе инкорпорирани внатре во темите. Појавата на овие поими соодветно означува конкретни реалности и начини на кои Византија ги инкорпорирала Словените во својот политички систем, поттикнувајќи создавање кај истите на постабилна политичка организација начело со архонт одобрен од империјата и спонзориран од истата со титула и годишна субсидија. Ова и претходната статија претставуваат досега најдеталната и аргументирана анализа на појавата, хронологијата, начините на употреба, причините за појава и излегување на употреба на овој значаен историски поим. Понудените решенија се оригинални и директно влијаат врз разбирањето на историските процеси во раниот среден век.

7. Stoyko Stoykov, Nataliya Butusova, Subjective and objective in the national self-identification of Macedonians in Bulgaria, Balkan Social Science Review 2020, 16. pp. 227-245. ISSN 1857-8772, impact factor 0.159

Во трудот, низ призмата на „субјективни“ и „објективни“ критериуми, се анализирани актуелните теоретски и практични проблеми поврзани со самоидентификацијата на Македонците и непризнавањето на македонското малцинство од страна на бугарската држава. Спроведувањето на основното

природно субјективно човеково право на независна и слободна национална самоидентификација е исклучително тешко во отсуство на објективни услови: државни гаранции насочени кон развој на конкретни национални малцинства. Бугарската држава не само што не дава никакви гаранции за развојот на македонското малцинство, туку со децении го негира фактот на неговото постоење во Бугарија, што доследно се спроведува во законодавството и во спроведувањето на законот на оваа држава. Авторите на написот критички ја оценуваат бугарската државна национална идеологија и политика, лишена од знаци на толеранција и незаснована на вистински, меѓународно признаени објективни факти кои го потврдуваат вековното постоење на македонското малцинство, македонскиот јазик и култура на територијата на модерна Бугарија. Се констатира дека официјалните државни митови дека граѓаните на Бугарија, идентификувајќи се себеси со македонското национално малцинство, се непријатели на бугарскиот народ и државата, противејќи се на единството на бугарската нација, немаат објективна основа. Се истакнува важноста на меѓународната правна заштита за враќање на историската правда во однос на македонското малцинство и за заштита на неговите права. Сепак, авторите со жалење ја забележуваат нејзината недоволна ефективност (особено затоа што, 14-те одлуки на ЕСЧП во корист на македонското малцинство не се исполнети од Бугарија), а исто така формулираат предлози насочени кон подобрување на ефективноста на меѓународната правна заштита на правата на македонското малцинство во Бугарија како важен објективен услов за промена на бугарската национална политика.

**Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија**

8. Стојко Стојков, „Склавинија“ кај Теофилакт Симоката. Историја, 53 (1), 2018, pp. 15-40. ISSN 0579-0263

Во овој труд авторот се вклучува во научна дебата по прашањето дали Теофилакт Симоката го употребува поимот Склавинија како именка или како придавка. Темата е темелно истражена и се констатирани слабите и силните страни на двете тези. Во исто време, авторот изнесува трета можност – поимот да не постоел во изворот, туку да е интерполација направена во најстариот текст во 10 в. од кој сите други потекнуваат. Трудот претставува придонес во однос на расветлувањето на појавата на поимот Склавинија во средниот век.

9. Stojko Stojkov, Ljuben Tevdovski, Few dilemmas related to the alleged Bulgarian plans for incursion in ‘sclavinia Berzitia’, RIHA 2016 (2018), 90-109, ISSN 2671-3144

Во трудот се обработуваат три клучни прашања поврзани со Берзитија во 773 / 774 г.: причините за бугарскиот поход, мотивите на Константин Погонат истиот да го спречи и односите на Берзитија со Византиската империја (независна, сојузна, пријателска, зависна, потчинета „склавинија“?). Настаните се разгледуваат во контекстот на повеќекратните конфронтации на Византија со Бугарите (756 – 775 г.) и особено напуштањето на териториите под бугарска власт од страна на 208.000 Словени во 763 г. Хипотезата на овој труд е дека Берзитија во овој период била независна од Византија. Таквиот нејзин статус се поврзува со изборот, имено, нејзиното население да биде преселено во териториите под

бугарска доминација. Гледајќи низ оваа призма, трудот сугерира дека мотивите на Константин V не треба да се бараат примарно во заштитата на Берзитија. Напротив, ромејската реакција, во овој контекст, е насочена кон спречувањето на обидот на канот Телериг да ја регенерира силата на ослабеното канство преку населување на нова зависна популација на местото на избеганите Словени во 763 г. Трудот нуди и аргументира оригинална хипотеза за решавање на конкретен научен проблем.

10. Verica Josimovska, Stojko Stojkov, Organization of illegal sanitation service in Macedonia during the wwii, RIHA 2016 (2018), 117-131, ISSN 2671-3144

Овој труд ги истражува никулците на санитарната служба, меѓу партизанските сили во Македонија како основен облик на организирање на Народноослободителната војна во 1941 година. Со формирањето на партизанските сили и санитарната служба била добро организирана. Како основен облик на дивата санитарна служба се користел здравствениот одред на установата. Тие биле формирани од локалниот воен штаб во координација со месните партиски организации. Трудот дава важен придонес во оваа слабо истражена област од македонската историја.

11. Стојко Стојков, Верица Јосимовска, Идеите за етногенеза на македонскиот народ пред 1944 г. Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, 4 (1) 2017 (објавено во 2018), pp. 80-93. ISSN 2671-3144

Во трудот се обработуваат клучните текстови напишани од Македонци, а настанати пред 1944 г. кои ја третираат и аргументираат идејата за македонската нација, нејзината појава и развој од етнонационална позиција т.е. идејата за етногенезата на македонскиот народ и нација. Елаборирани се и условите и контекстот во кој овие идеи се појавуваат и се презентирани, а пред сè немањето надворешна поддршка, сопствени национални институции и во услови на национална „агресија“ од соседните национализми. Во фокусот на вниманието се идеите забележани во статијата по македонското прашање на Славејков од 1871 г., во Историјата на Георгија Пулевски (1892), во „За македонцките работи“ на К. П. Мисирков (1903) и трудовите на Васил Ивановски „Зошто ние Македонците сме посебна нација“ (1934) и неговата Историја напишана во бугарски затвор во 1943 г. Судбината на овие дела: необјавени (Пулевски), уништувани (Мисирков), објавувани далеку во странство или пишувани во затвор (Ивановски) се јасен симптом за условите во кои се развива македонската нација во векот пред создавање на македонската држава. Трудот надополнува една недоволно истражена област – а имено развојот на историските претстави и интерпретации кај македонските национални дејци и историчари во посочениот период.

12. Стојко Стојков, Идентитет, наука и политика: идеите за етногенеза во македонската медиевистика 1944 – 1991. I. Развој на идеите за етногенезата од 1949 до 1970-те години. Review of the Institute of History and Archaeology RIHA, 5 (1). 2018, pp. 42-66. ISSN 2671-3144

Тема на ова истражување се идеите за етногенезата на македонскиот народ презентирани во македонската историографија за време на комунизмот. Истражена е еволуцијата на основните идеи и аргументи, во контекстот на предизвиците на

времето: идеолошката агресија од соседните национализми и историографии, оспорувањето на постоењето на македонската нација, нуждата да се одбрани самобитноста и стремежот преку приспособувања на митот за потеклото истата да се постави во функција на една или друга балканска државна и национална политика. Овој текст се јавува прв дел на трудот. Статијата претставува принос за расветлување на историјата на историската мисла во Македонија.

13. Стојко Стојков, Идентитет, наука и политика: идеите за етногенеза во македонската медиевистика 1944 – 1991 (II): Интерпретација на етногенезата во трудовите на македонските медиевисти во 1970-те и 1980-те. Review of the Institute of History and Archaeology RIHA, 6 (1), 2019, 29 – 58, ISSN 2671-3144

Во трудот се истражуваат идеите за етногенезата на македонскиот народ, презентирани во македонската историографија за време на комунизмот. Истражена е еволуцијата на основните идеи и аргументи, во контекстот на предизвиците на времето: идеолошката агресија од соседните национализми и историографии, оспорувањето на постоењето на македонската нација, нуждата да се одбрани самобитноста и стремежот преку приспособувања на митот за потеклото истата да се постави во функција на една или друга балканска државна и национална политика. Овој текст се јавува како втор дел на трудот. Статијата претставува принос за расветлување на историјата на историската мисла во Македонија.

14. Stojko Stojkov, Some Observations on the Appearance and Use of the Term Sclavinia in the Middle Ages. Гласник на институтот за национална историја, 63 (1-2), 2019, pp. 33-58. ISSN 0583-4961

Во трудот авторот прави обид да ја расветли и објасни појавата на поимот Склавинија, како термин во средновековните извори на ниво на цела Европа. Во старословенската пишана традиција Склавинија никогаш не се појавила, што покажува дека тоа било надворешно име. Во повеќето случаи, Склавинија бил термин што го користеле империските елити и институции во Византија и на Запад. Изгледа дека се појавил истовремено на Исток и на Запад во 780-те години кога многу словенски племиња биле вклучени во франкиската и византиската сфера на влијание и доминација. И покрај некои разлики, генерално терминот се користел на ист начин во Византија и на Запад: за словенските ентитети ставени во процес на потчинување на империите. Причината за оваа сличност може да се најде во намерно следените примери и терминологија на ромејската империја на Запад. Склавинија бил официјален термин за „империјална“ гранична зона, за областа помеѓу словенскиот збор и христијанските империи, и е поврзана со постоењето на овие контактни зони. Поимот Склавинија ја изгубил својата важност со исчезнувањето на малите словенски формации во царските погранични зони, кога тие беа асимилирани од соседните империи или еволуираа во поголеми независни државни формации формирани под нивните познати имиња. На Запад се користел многу повеќе и подолго отколку во Византија и таму можел да се најде надвор од царскиот двор. Трудот претставува важен придонес во однос расветлување на појавата и употребата на поимот Склавинија во средниот век во изворите на латински јазик во корелација со византиските извори.

15. Stojko Stojkov, The term Sclavinia in Byzantine sources: Re-examination of the chronological framework. Monumenta, 4, 2019, pp. 413-435. ISSN 1857-999x

Основна цел на авторот во овој прилог е да го разјасни прашањето со хронолошките и географски рамки на употреба на поимот Склавинија во византиските извори. Тезата што овде се аргументира е дека поимот Склавинија не бил во употреба меѓу VI – VIII век. Еднократната појава на овој термин во Историјата на Теофилакт Симоката е дискутирана во рамките на дебатата водена во последно време околу прашањето дали е во прашање придавка или именка. Понудена е и трета можност дека зборот Склавинија може да е резултат од интервенција во текстот извршена во најстариот манускрипт во X век, од кој сите зачувани потекнуваат. Специјално внимание е обратено на начинот на кој е употребен поимот во Хронографијата на Теофан. Преку нејзина споредба со историјата на патријархот Никифор и други извори се доаѓа до заклучок дека терминот влегол во употреба после времето во кое историјата на Никифор била завршена. Паралелно, имиња слични на Склавинија се појавуваат во изворите (Велзитија, Верзитија). Поимот бил во интензивна и вообичаена употреба во првата половина на IX век за Централните балкански територии, а во средината на X век – за Далмација. За последен пат поимот се употребува во XII в., но со веќе сменета смисла. Трудот претставува важен придонес во однос на расветлувањето на појавата и хронологијата на поимот Склавинија во средниот век.

16. Стојко Стојков, Улогата на големите сили во нациогенезата на Балканот преку компарација на развојот на три национални идеи во Албанија и Македонија на границата меѓу 19 и 20 в., Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA 2020, Vol. 7 No. 1, 68-81

Во трудот авторот обработува едно актуелно прашање на Балканот, имено влијанието на Големите сили врз појавата и развојот на конкретни нации. Тоа го илустрира преку примерот на улогата на Австро-унгарската империја во изградувањето на албанската нација и спротивставената контрастна паралела со слабиот ангажман или дури и негативното вклучување на Големите сили во развојот на македонската нација. Направена е паралела меѓу улогата на Австро-Унгарија во Албанија и на Бугарија во Македонија. Наспроти обидите да се класифицираат балканските народи во две групи, како политички (вештачки) и етнички (природни), овде се застапува тезата дека тие, како и сите нации воопшто, се политички конструкции кои во некои случаи се дефинираат како „етнички". Примерот за одлучувачката улога на политичкиот елемент во градењето дури и на онаа што се смета за една од најетничките нации на Балканот - албанската е илустративен во тој поглед. Балканските нации би можеле да се поделат на две групи според друг принцип: оние кои се непосредна проекција на интелектуалните и културните доминанти и политичките интереси на големите сили: грчка, српска, бугарска, албанска и нации создадени без директна поддршка на Големите сили кои се развиваат како придружен ефект или како одговор на веќе појавените национални движења и држави –македонска, турска, црногорска, босанска.

17. Stojko Stojkov, A Contribution towards the Ideology of MRO in 1897/1898, Two English Documents from January 1898, Review of the Institute of History and Archaeology, Vol. 8 No. 1, 2021, 22-34

Во трудот се објавуваат и коментираат два документи од британското Министерство за надворешни работи и поврзаниот (и веќе објавуван) јавен проглас во весникот „Политичка слобода“, кои содржат важни информации поврзани со раните идеи на Македонската револуционерна организација. Документите што се презентираат во оваа пригода во оригинал (на англиски) и во превод на македонски јазик содржат информации за Манифестот на „Тајниот македонски револуционерен комитет“. Во прилогот, посебно внимание е посветено на прашањата за авторството и идеите на Манифестот и нивната поврзаност со Македонската револуционерна организација (МРО). Ставајќи ги во поширок контекст, авторот дава аргументи во прилог на заклучокот дека овој Манифест е објавен од еден од многубројните сателитски „Тајни револуционерни комитети“ создадени од МРО во периодот 1896 – 1898 година во Бугарија и затоа силно ги одразува идеите на Македонската револуционерна организација. Освен објавувањето на значајни историски документи, авторот нуди и одредени оригинални идеи и решенија по постоечки научни проблеми.

18. Stoyko Stoykov, The continuation of communist-era totalitarian policies in the European Union: the case of Bulgaria, the Macedonian minority and Macedonia’s EU integration. Security Dialogues, 12 (1), 2021, pp. 49-67. ISSN 1857-7172

Трудот е посветена на бугарското негирање на македонското малцинство во Бугарија, што е клучен елемент на бугарското вето против интеграцијата на Македонија во ЕУ. Бугарскиот став дека македонското малцинство во Бугарија не постои директно противречи на фактот дека ова малцинство претходно беше официјално признаено во Бугарија и дека во речиси сите пописи во последните 80 години илјадници бугарски граѓани се изјасниле како Македонци. Одбивајќи да се соочи со реалноста и спротивно на препораките на различни меѓународни организации и институции во последните 20 години, бугарската Влада одбива да започне дијалог со малцинството и ги припишува постапките на бугарските граѓани со македонска самосвест на Р. Македонија. Но, иницијативите во меѓународните организации и институции за поддршка на македонското малцинство не се иницирани од Република Македонија, туку, напротив, од бугарски граѓани и организации; во таквите форуми влегуваат не само оние во системот на Советот на Европа во Стразбур и ОН, туку и институциите на Европската Унија, каде што Македонија не е членка. Формулирана во далечната 1963 година, политиката на негирање на македонското малцинство бил првиот во серијата „процеси на преродба“ насочени кон асимилација на малцинствата во „обединета бугарска социјалистичка нација“, но во исто време тоа е и последниот процес што останал неосуден во Бугарија и кој продолжува да се спроведува и денес. За време на комунистичката ера, оваа политика резултирала со депортација на неколку илјади луѓе во затвори, логори или интернирања, како и со спроведување на многу други форми на репресија. По падот на комунизмот, тоа резултирало со 14 пресуди против Бугарија донесени од Европскиот суд за човекови права со седиште во Стразбур. Политиката на бугарската држава денес, која во суштина ја следи линијата создадена од покојниот диктатор Тодор Живков, е последната тоталитарна комунистичка политика во Европската Унија. Статијата претставува детална и важна анализа на многу актуелен проблем.

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир**

19. Стојко Стојков, Царство, етницитет, наследства, интерпретации: Самоиловото царство меѓу националните митови и научните контроверзии. 1000 години од битката на Беласица и од смртта на цар Самоил, Скопје, 2018, с. 113-138.

Во трудот се опфатени и обработени најконтроверзните моменти од спорот (веќе вековен) за ликот и потеклото на Царството (Империја) на царот Самуил. Како главни проблеми се разгледуваат поврзаноста на прашањето со модерните територијални претензии од XIX-XX век, неговото вклучување во неколку национални митологии на Балканот и испитувањето на прашањето во минатото во рамките на националната парадигма која веќе е надмината во науката. Направена е критика на основните досега дадени одговори, имено дека царството е словенско, бугарско или македонско; и во овој број се анализирани теориите за формирањето на бугарскиот и македонскиот етнос (народи) во средниот век. Направена е анализа на ликот и улогата на владетелите-царевите на Балканот во средниот век и нивниот надетнички карактер. Се прави обид Самуиловото Царство да се проучува без оглед на современите националистички спорови и претензии. Заклучокот е дека нема основа да се верува дека Самуиловата империја или кои било други кралства на Балканот може да се толкуваат како етнички формации или како претходници на современите народи и држави. Трудот претставува обид за промена на перцепцијата по овој комплициран научен проблем и се предлага негово решение ослободено од политика и идеологија.

20. Стојко Стојков, Свети Климент: Од Епископа слову́нска до επισκοπου Βουλγαριας. Трансформација во разбирањето на категориите Словени и Бугари во византиските извори. In: Милениумското зрачење на св. Климент Охридски Скопје, 28 – 29 октомври 2016 година, Скопје. МАНУ, Скопје, 2018, pp. 219-238. ISBN 978-608-203-228-3

Авторот на трудот ги истражува титулите што му биле дадени на свети Климент Охридски во различни извори како словенски епископ или епископ бугарски - генеза, круг на употреба и значење на овие титули. Се потврдува дека во словенските текстови свети Климент е именуван само како словенски епископ. Оваа титула е постара и оригинална и е во врска со постојните словенски етнички епископи од крајот на 9 и почетокот на 10 век. Титулата епископ на Бугарија е развиена во византиската грчка литературна традиција во Охридската архиепископија. Се појавила заедно со напорот на охридските архиепископи да најдат (рамно)апостолска основа на својата црква. Како дел од овие процеси, свети Климент повторно бил протолкуван како патрон и заштитник на Охридската архиепископија на „цела Бугарија“ и затоа главното значење на оваа титула било „епископ на Охридската архиепископија“. Како дел од овие процеси, поимите Словени и Бугари стануваат еквивалентни во дел од византиските извори во вториот дел на XI век па наваму, што довело до превод на оригиналната словенска титула епископ словенски во епископ бугарски. Титулата епископ на Бугарија нема да се појави во словенските текстови во средниот век, освен во преводите на оригинални византиски дела (како Кратко житие на свети Климент). Според

тоа титулата „епископ бугарски" била „создадена" и промовирана постфактум, од византиските охридски архиепископи и имала чисто институционално значење, без етничка конотација која би се разликувала од првобитната титула „словенски епископ". Трудот претставува детална анализа на употреба на поимот Бугари во некои средновековни текстови за Македонија. Понудените, аргументирани заклучоци на авторот претставуваат значаен придонес за историската наука.

21. Стојко Стојков, Историјата како оружје: митот за „насилната македонизација" во бугарската политика и наука. Балканската историографија и современите предизвици, Скопје 2021, pp. 205-232. ISSN ISBN 978-9989-159-64-0

Во трудот, авторот се соочува со еден модерен историски мит креиран во бугарската историографија, како обид да се избегне фактот на постоење на македонско малцинство во Бугарија. Терминот „македонизација" бил создаден од комунистичкиот режим во Бугарија на почетокот на конфликтот со Југославија во април 1948 година и прво се однесувал само на наводниот стремеж бугарското и останатите малцинства во Пиринска Македонија да се направат македонски. На 29 јули 1948 година, откако Југославија го искористила фактот дека мнозинството од населението во Пиринска Македонија било регистрирано како македонско на Пописот од 1946 година како аргумент за барање автономија на Пиринска Македонија, бугарската комунистичка партија ретроактивно ги прогласила резултатите од Пописот за нереални за да аргументира дека истиот не е резултат на слободно самоопределување на населението, туку производ на административни мерки. Откако Пописот во 1956 година на изненадување на властите го потврдил резултатот од Пописот од 1946 г. и покажа дека 63,6% од населението во Пиринска Македонија се изјаснува како Македонци, политиката на признавање на македонското малцинство била напуштена и заменета со насилна бугаризација на населението, што резултирало во испраќање на неколку илјади Македонци во затвор или во заточеништво. Паралелно, митот за „насилна македонизација" е создаден за да се „објаснат" резултатите од пописите во 1946 и 1956 година. И покрај фактот што до овој момент не е претставен никаков корпус деликти за да го потврди насилството или репресиите при таканаречената „македонизација", овој мит останува срж на позицијата на бугарската официјална држава и на бугарската историографија, и главен изговор за продолжување со политиката на дискриминација и асимилација на македонското малцинство во Бугарија до денес. Трудот пополнува сериозна празнина во македонската историографија и предлага натамошна детална анализа на овој многу важен научен проблем. Понудените и детално аргументираните заклучоци на авторот претставуваат многу значаен научен придонес во македонската историографија.

22. Стојко Стојков, Свети Климент - учител на многу народи. Годишен зборник на Факултетот за образовни науки, 10 (1), Штип, 2021 pp. 29-38. ISSN 1409-9187

Во трудот се расправа за епитетот „учител на многу народи" што на свети Климент му го дал познатиот охридскиот архиепископ Теофилакт, мислејќи, секако, на неговата 22-годишна дејност во Велика Моравија, краткиот престој во Плиска, 7-годишно учителствување во Девол и Охрид и 22-годишно епископување во Велика. Овој краток научен прилог зборува, главно, за неговите две последни функции и за улогата што свети Климент ја одиграл во воведувањето на словенската

богослужба по Ерусалимскиот типик, создавањето на првата словенска епископија, преводот на богослужбените книги, авторство на повеќе оригинални текстови, како и неговата пројавена грижа кон обичните луѓе.

23. Stojko Stojkov, 1018 and after: new reality and new perceptions in Byzantine Balkans. Самуиловата држава илјада години потоа (1018–2018), Скопје, 2022

Во 1018 г. државата на Комитопулите капитулира пред Василиј II поставувајќи го него пред дури поголем предизвик отколку што било нејзиното покорување – со неопходноста да реинтегрира балкански територии, кои 4 века биле надвор од византиските граници и население, кое не само културно, економски и социјално било многу различно, но и покажало голем степен на непријателство спрема Византија во последниот половина век. Василиј создава на Балканот „зона со посебен режим“ сочинета од темата Бугарија и Охридската архиепископија. Таквата зона не била создадена на етнички принцип, туку за населението со највисок степен на нелојалност спрема Византија и на лојалност спрема државата на Комитопулите и таа ги опфаќала, главно, денешна Србија и Република Македонија, со Косово и мали делови од Албанија, Грција и Бугарија. Имало и сериозни мотиви од геостратегиски карактер за нејзиното создавање, особено, во односите со папата и Германија, кои влијаеле врз многу аспекти од овој процес, особено на решавањето на црковното прашање и новата реалност што сите овие мерки ја создале. Причините за создавањето на оваа зона, одржувањето и развојот, нејзиниот опфат, како и последиците од тоа во областа на претставите, терминологијата и категоризацијата на покорените како „други“ во византиското општество, се во фокусот на ова истражување. Статијата нуди нова интерпретација и толкување на важен период од историјата на Македонија и Балканот, како и за разбирањето на изворите настанати во соодветниот период.

**Одржано предавање по покана од научна институција**

24. Стојков, Стојко (2022) Македонското малцинство во Бугарија во контекстот на бугаро-македонските односи од 1945 г. до денес. Трибина на Левичарски институт „Рацин“ по повод 150 години од раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев.

**Учество на научен собир со реферат (постер/усно), во земјава и во странство**

25. Стојков, Стојко (2018) Историјата како оружје: митот за „насилната македонизација“ во бугарската политика и наука. In: 70 години Институт за национална историја, 9 ноември 2018 г., Скопје, Македонија.

26. Стојков, Стојко (2018) 1018: Потоа. In: Самуиловата држава - 1000 години потоа (1018-2018), 25-26 октомври 2018 г., Охрид, Македонија.

27. Стојков, Стојко (2021) Свети Климент - Учител на многу народи. In: Образованието од Климента до денес, 7.12.2021 г., Штип

28. Стојко Стојков, Мехове стари - вино ново. Изгубените в идеологическите

преводи, средновековни Балкани видени през призмата на понятието българи и идеята за български народ. In: Идентитет и интерпретации. Што е достижно во дијалогот меѓу Софија и Скопје?, 27 февруари 2021, онлајн.

29. Стојко Стојков, Некои забелешки за етницитетот и идентитетите кај населението во Македонија во 14 в. In: Научен собир 650 години од битката на Марица (1371 - 2021), 17 Dec 2021, Skopje.

30. Stoyko Stouykov, The term Slavs and its gradual obsolescence in Byzantine sources (IX – XII). In: 24th International Congress of Byzantine Studies, 22-27 August 2022, Venice. 1/1,5

**Рецензии и мислења**

31. Мислење по авторезиме на докторска дисертација „Средновековните тврдини во Југоисточниот регион на Република Македонија (11 – 14) век): функција, значење и временски рамки" од кандидат м-р Душко Цветанов, дадено по барање на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

32. Мислење по авторезиме на докторска дисертација на тема „Јован Скилица како извор на Самоиловата држава" поднесен од м-р Даниела Ѓорѓиева, дадено по барање на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

33. Рецензија – мислење по понудена статија во Гласник на Институтот за национална историја: Зошто бугарската теза околу севкупната самобитност и посебност на македонската нација не е точна.

34. Размислувања - впечатоци – сугестии - забелешки по книгата „Руска религиска филозофија: контексти" од вонр. проф. д-р Трајче Стојанов.

35. Мислење и препораки за книгата на Наде Проева „Триптих за македонскиот идентитет".

36. Рецензија и препораки за делот Среден век на трудот на Бранислав Светозаревиќ Покорни: За Македонците, сведоштва од светските архиви и библиотеки за континуитетот на името од VI до XX век (документи и анализи).

37. Шестдесет години обич между две корици, Рецензија на книгата со спомени: Ехо от Пирина към Вардар и Егея на Димитар Иванов.

38. Книга родена од две љубови, рецензија за книгата со спомени и документи на Стојан Георгиев, Спомени за една Македонка од Пиринот.

**Завршна евалуација на наставно-образовната и научноистражувачката дејност на вонр. проф. д-р Стојко Стојков**

Од приложениот список на објавени трудови и на извршени активности во последните пет години и од евалуацијата на секој труд и на секоја активност одделно, може да се забележи дека кандидатот д-р Стојко Стојков објавил голем број научни трудови и учествувал на повеќе научни конференции. Неговата ангажираност на голем број предмети на прв и втор циклус на студии, големиот

број трудови објавени во меѓународни научни списанија и списанија со импакт фактор, монографии, учебник и практикум, учеството на меѓународни и домашни научни конференции, рецензиите, менторствата, ангажирањето во научни институции и одбори, изработка на елаборати и во проекти, покажуваат дека кандидатот реализирал плодна наставно педагошка и истражувачка дејност и дал значаен придонес во наставно-образовниот процес на Факултетот за образовни науки и во оспособувањето на помлади наставници и соработници. Во текот на својата академска кариера, до денес, кандидатот ги стекнал и демонстрирал неопходните умееја, компетенции и квалитети неопходни за изборот во звањето редовен професор на наставно-научните области средновековна историја и византологија.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во разгледуваниот период д-р Стојко Стојков објавил учебник и практикум, голем број научно популарни статии во земјава и во странство, изработил или учествувал во изработувањето на елаборати и експертизи во земјата и во странство, учествувал на стручен собир, објавил труд во стручно списание. Во периодот 2018 – 2021 г. бил заменик главен уредник на научно-популарното списание „Народна волја", македонски весник за теорија, историја, култура и искуство. Учесник е во проектот „Социо-антрополошки, правни и историски аспекти на заштитата на заштитата на културното и историско наследство на општина Карбинци", Правен факултет при УГД – Штип, 2023 г.

**Учебник и практикум**

39. Империјата на Новиот Рим (1025 – 1453), учебник, УГД - Штип, 2023 http://e-lib.ugd.edu.mk/1122

Учебникот „Империјата на Новиот Рим (1025 - 1453)" е напишан според потребите на наставата по истоимениот предмет. Напишан на база на последните достигнувања на науката во соодветната област учебникот им овозможува на студентите да се запознаат со истите.

40. Империјата на Новиот Рим (1025 – 1453), практикум, УГД Штип, 2023, http://e-lib.ugd.edu.mk/1121

Практикумот претставува зборник од историски документи за историјата на Византија каков досега не бил објавуван на македонски јазик. Изворите се избрани за да покријат не само политички, воени е економски аспекти, туку исто и верски, социјални, културни и научни. Истиот овозможува студентите непосредно да се запознаат со важен дел од изворите врз кои се базираат нашите сознанија за овој важен дел од историјата и цивилизацијата.

**Труд во стручно (научно-популарно) списание**

41. Стойко Стойков, Отрицание на отрицателите. Да погледнем истината в очите. Народна волја (4-12), 2018, р. 10. ISSN 1310-4136

42. Стојко Стојков, За Бугарија пријателска Македонија е само бугарска Македонија, Народна волја, јули 2018, http://www.narodnavolja.com/articles2018/07/txt07.php

43. Стойко Стойков, Спомените на Милен Радев, или In Vino Veritas,Народна волја, Јули, август 2018, http://www.narodnavolja.com/articles2018/07/txt11.php,

44. Стойко Стойков, Спомените на Страхил Дерменджиев, Народна волја, септември, октомври, ноевмри, 2018, http://www.narodnavolja.com/articles2018/09/txt16.php

45. Стойко Стойков, Анализ на спомените на Димитър Костов Димитров, Народна волја, јануари 2019, http://www.narodnavolja.com/articles2019/01/txt14.php

46. Стойко Стойков, Спомените на Владимир Тодоров, Народна волја, Декември 2018, http://www.narodnavolja.com/articles2018/12/txt14.php

47. Стойко Стойков, Македонско малцинство няма и не може да има". Докога!? (Недостигащата гледна точка). Маргиналия, 3 април, 2019.

48. Стојко Стојков, Чай от троскот: някои мисли за македонската нация. Народна волја, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство, 2019,. ISSN 1310-4136

49. Стойко Стойков, Историята като палачинка. Народна волја (4-7), 2019 р. 10. ISSN 1310-4136

50. Стойко Стойков, За дебатите, блатото и догматите. Народна волја (10-11), 2019, р. 5. ISSN 1310-4136

51. Стойко Стойков, Самопризнания: Атанас Шопов за положението в Македония. Народна волја (8 - 12), 2019. р. 10. ISSN 1310-4136

52. Стойко Стойков, Един честен спомен, Анализ на спомените на Димитър Костов Димитров, Народна волја, јануари 2019, http://www.narodnavolja.com/articles2019/02/txt13.php, http://www.narodnavolja.com/articles2019/01/txt14.php

53. Стойко Стойков, "Много правилно е постъпила полицията, че не ни дадоха да се пишем македонци. Ние искахме, ама не ни дават", Народна волја, март 2019, http://www.narodnavolja.com/articles2019/03/txt14.php

54 Стојко Стојков, Доста е со стратегијата тишина на јагнињата или (За бугарските национални фантазии), Нова Македонија, 16.01.2019

55. Стойко Стойков, Държавата може лесно да реши проблемите, защото именно тя ги създава, Народна волја, ноември 2019, http://www.narodnavolja.com/articles2019/11/txt02.php

56. Стойко Стойков, „Ние нощес създадохме македонска организация", Спомени на Костадин Златков, Народна воля, юли 2018, http://www.narodnavolja.com/articles2017/07/txt06.php

57. Стойко Стойков, "Аз слушах разказите на бабите и дедовците си и те ме запалиха за Македония", Свидетелства за един достоен македонец – Атанас Радоев Мутлешов, Народна воля, септември 2018 – март 2019, http://www.narodnavolja.com/articles2018/09/txt06.php

58. Стойко Стойков, Свидетелства за един достоен македонец – Стоян Герасимов Василев, "Нне можех да си обясня омразата им към мен заради това, че съм македонец", Народна воля, април 2019 – март 2021, http://www.narodnavolja.com/articles2019/04/txt07.php

59. Стојко Стојков: Македонската нација ќе опстане, а со тоа и македонската национална историја!, Струмица денес, јуни 11, 2020, https://strumicadenes.mk/kultura/intervju-so-istoricharot-stojko-stojkov-makedonskata-nacija-kje-opstane-a-so-toa-i-makedonskata-nacionalna-istorija/

60. Стојко Стојков: Македонците и Бугарите – немаат општа или заедничка историја – имаат само заеднички моменти или некои испреплетени процеси во своите истории!, Јане Киров, 10 јуни 2020, https://strumicadenes.mk/kultura/qintervju-so-pirinskiot-makedonec-prof-d-r-stojko-stojkov-makedonija-i-bugarija-makedoncite-i-bugarite-nemaat-opshta-ili-zaednichka-istorija-imaat-samo-zaednichki-momenti-ili-nekoi-isprepleteni-proc-2/

61. Илия Делилакиев (Стојко Стојков), Гласовете ви чуваме, Народна волја, јуни 2021, http://www.narodnavolja.com/articles2021/07/txt06.php

62. Stoyko Stoykov, Op-ed: Will we allow the totalitarian past to enter our common European future?, March 29, 2021, https://e-f-a.org/2021/03/29/op-ed-will-we-allow-the-totalitarian-past-to-enter-our-common-european-future/

**Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир**

63. Стойко Стойков, Теза и конкретен пример за лесно мразените малцинства, во: Малцинствата в България - лесни за омраза, Български Хелзинкски комитет, София 201958 – 65.

**Учество на стручен собир со реферат**

64. Регионална кръгла маса, „no-hate-bg: заедно в защита на малцинствата и в превенцията на престъпленията от омраза“, 18 септември 2019 г., Благоевград, Български хелзинкски комитет с подкрепата на община Благоевград, Проект NO-HATE – 808938.

**Елаборати и експертизи**

65. Елаборат за втор циклус на студии Студиска програма Историја, митови, идентитети (акредитирана во 2021/2022) – основен автор.

66. Учество во изработување на елаборат за прв циклус на студии Историја со археологија (акредитирана во 2021/2022), секундарен автор.

67. 2018 annual report on the human rights situation of the Macedonian minority in Bulgaria and the rights of Bulgarian citizens with a Macedonian consciousness (2019), https://www.omoilindenpirin.org/news/2019/april_e.php

68. 2019 annual report on the human rights situation of the Macedonian minority in Bulgaria and the rights of Bulgarian citizens with a Macedonian consciousness (2020) https://www.omoilindenpirin.org/news/2020/june2_e.php

69. 2020 annual report on the human rights situation of the Macedonian minority in Bulgaria and the rights of Bulgarian citizens with a Macedonian consciousness. (2021) https://www.omoilindenpirin.org/news/2021/may18_e.php

70. 2021 annual report on the human rights situation of the Macedonian minority in Bulgaria and the rights of Bulgarian citizens with a Macedonian consciousness. (2022) https://www.omoilindenpirin.org/news/2022/april25_e.php

71. 2022 annual report on the human rights situation of the Macedonian minority in Bulgaria and the rights of Bulgarian citizens with a Macedonian consciousness. (2023) https://www.omoilindenpirin.org/news/2023/april26_b.php

**Завршна евалуација на стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на вонр. проф. д-р Стојко Стојков**

Кандидатот д-р Стојко Стојков придонел за популаризирањето на историската наука, како и за конкретни историските сознанија кај обичните луѓе, почитувачи и љубители на историјата, како во земјава така и во странство. Објавил материјали за подобро учење на студентите, учествувал во создавање, организирање и спроведување на наставни програми. Неговата дејност не се ограничила само во областите во кои се избира, туку се проширила и во сродни и други области на познанието.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Стојко Стојков, со своето активно учество во наставата на Факултетот за образовни науки, како професор, ментор, учесник во создавање наставни програми и автор на учебни помагала, дал значаен принос во наставата по историја на Факултетот за образовни науки. Како научник има создадено значаен научен опус и како квалитет и како квантитет – монографии, статии во списанија со импакт фактор, во меѓународни и домашни списанија, со учество на меѓународни и домашни научни конференции, презентирајќи нови сознанија и оригинални резултати и преку тоа дал сериозен принос во нашата наука. Паралелно покажал голем интерес за популаризирањето на историјата како наука и на новите историски сознанија кај пошироки кругови на населението.

Земајќи го  и во согласност со критериумите за избор во наставно научни звања, дадени во Законот за високо образование и Правилникот за критериуми и постапки за избор во наставно-научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 50 од јуни 2021 година) и распишаниот Конкурс, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот вонреден професор д-р Стојко Стојков ги исполнува критериумите за избор во звање редовен професор.

Поради тоа, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да го усвои нашиот предлог и кандидатот д-р Стојко Стојков да го избере во звање редовен професор за наставно-научните области средновековна историја и византологија на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Академик д-р Ѓорги Поп-Атанасов, претседател, с.р.

Проф. д-р Коста Аџиевски, член, с.р.

Проф. д-р Тони Филипоски, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | Број | поени | број | поени | Вкупно |
| 4 | Избор во звање вонреден професор | | | | | 40 |
| | ВКУПНО | | | | | 40 |
| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | Број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Монографија или научна книга (1,2) | 1 | 10 | 1 | 15 | 25 |
| 2 | Дел од монографија или научна книга (3,4) | 1 | 6 | 1 | 10 | 16 |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (5,6,7) | 1 | 10 | 2 | 30 | 40 |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>Прв автор: 8, 9, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17,18 = 10 Х 9 = 90<br>Втор автор: 10 = 1Х6 = 6 | 11 | 96 | | | 96 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (19,20,21,22,23) | 5 | 10 | | | 10 |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција (24) | 1 | 2 | | | 2 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство (25 – 30) | 5 | 5 | 1 | 1.5 | 6.5 |
| 16 | Член на уредувачки одбор на научно списание | 1 | 1 | | | 1 |
| 20 | Член на организациски или научен одбор на научен собир | 3 | 3 | | | 3 |
| 24 | Рецензент на научен труд<br>Во земјава: 31 – 36<br>Во странство: 37, 38 | 6 | 6 | 2 | 2 | 8 |
| | ВКУПНО | | | | | 207.5 |
| | | | | | | |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Книга/учебник (39,40) | 1 | 10 | | | 10 |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание<br>Во земјата (42,54,59, 60)<br>Во странство (41,43,44,45,46,47,48,49,50,51,52,53,55,56,57,58,61,62) | 4 | 8 | 18 | 108 | 116 |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (63) | | | 1 | 3 | 3 |
| 7 | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) (65) | | | 1 | 1 | 1 |
| 10 | Член на уредувачки одбор на стручно списание | | | 1 | 2 | 2 |
| 13 | Учесник во научен проект | 1 | 5 | | | 5 |
| 17 | Елаборати и експертизи<br>Во земјава: 65, 66<br>Во странство: 67 – 71 | 2 | 4 | 5 | 20 | 24 |
| | ВКУПНО | | | | | 161 |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | | | | | 408.5 |

**РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ „РАСТИТЕЛНА ВИРОЛОГИЈА – ОПШТ ДЕЛ" ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЕМИЛИЈА АРСОВ И ПРОФ. Д-Р САША МИТРЕВ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 1302-148/4 од 30.8.2023 г., на 219. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 30.8.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Илија Каров, редовен професор (во пензија) на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
- д-р Душан Спасов, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„РАСТИТЕЛНА ВИРОЛОГИЈА – ОПШТ ДЕЛ"** од **проф. д-р Емилија Арсов и проф. д-р Саша Митрев,** наменет за студентите на прв циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот: Учебникот „Растителна вирологија – општ дел"** од **проф. д-р Емилија Арсов и проф. д-р Саша Митрев,** наменет за студентите на прв циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како задолжителен предмет на студиската програма Фитомедицина – заштита на растенијата за предметот Вирологија. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма за предметот Вирологија, по јазик и стил напишана на начин лесно достапен за студентите на прв циклус студии и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет. Учебникот „Растителна вирологија – општ дел", кој се слуша како задолжителен предмет Вирологија, 6 ЕКТС, VIII семестар, 2+2+1, со вкупен фонд 180 часови на студиските програми Фитомедицина, како и Вирологија, 8 ЕКТС, VII семестар, 3+2+2, со вкупен фонд 240 часови на студиската програма Фитомедицина – заштита на растенијата на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот содржи 150 страници, со 59 фотографии, од кои дел оригинални фотографии од авторите, со шеми соодветно адаптирани од страна на авторите, како и 3 табели. Учебникот е систематизиран во десет поглавја, конципирани согласно со наставната содржина на предметот Вирологија. Трудот е пишуван согласно со ОИДК. ОБ.15. Упатство за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма, напишан во А4 формат, со пропред 1, со употреба на фонт Arial и големина на буквите 11, а маргините на страниците се 2,54 cm: top, left, bottom, right. Цитирањето е во АПА стилот, при што цитатите во текстот се поставени во рамките на речениците

и пасусите, со што се олеснува прегледноста на информациите за цитирање, односно авторите и делата кои се консултирани за изготвување на делото. Како Рецензентска комисија сметаме дека обемот на учебникот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебникот „**Растителна вирологија – општ дел"** претставува прегледно дело за општите карактеристики на вирусите, нивната градба, начин на пренесување и опстанок во природата, промените кои ги прават кај растителните клетки домаќини, како и преглед на соодветни мерки за заштита на растенијата од појава и ширење на растителните вируси, како и видовите отпорност која се јавува кај растенијата по вклучениот аларм за присуство на туѓ организам кај растението домаќин. Во светската литература постојат голем број на изданија наменети за проучување на растителните вируси, од кои за подготовка на овој учебник авторскиот тим предност дал на наши изданија од областа на фитопатологијата, анатомијата и физиологијата на болните растенија, вирозите кај растенијата, кои имаат значајно место и практична примена во заштитата на растенијата во нашата држава, и на изданија кои заземаат важно место во растителната заштита. Изготвувањето на овој учебник авторскиот тим го направил со цел да им помогне на студентите од прв, па и соодветно и од втор циклус на студии полесно да ја совладаат терминологијата и методологијата поврзана со испитување на растителните вируси. Ова издание на учебникот, соодветно, може да им послужи на сите студенти кои сакаат да го посветат своето истражување во лабораториски услови со акцент на заштита на растенијата, преку проучување на соодветната лабораториска методологија на работа опишана во неколку поглавја во учебникот.

**Краток опис на содржината:** Учебникот „**Растителна вирологија – општ дел"** е составен од 10 поглавја, редоследно почнувајќи од *Вовед во растителната вирологија* до *Отпорност на растенијата кон вирусите*.

**Поглавје 1. Вовед** - опфаќа податоци за значењето на земјоделското производство, производството на храна и појавата на вирусните заболувања. Краткиот историјат и почетоците на растителната вирологија се од особено значење за градењето на сликата за појавата на симптоматологијата и растителните вируси, како и првите методи на идентификација и започнување на градењето на нова научна дисциплина – вирологија. Редоследно и хронолошки, даден е јасен преглед за развојот на вирологијата од 1898 г. (биолошка ера) до метагеномската ера (2006 г. до денес). Особено во воведот потенцирано е значењето на растителните вируси и вирологијата како научна дисциплина.

**Поглавје 2. Растителни вируси и нивните имиња** – како надополнување на првото поглавје, следното поглавје ја обработува темата *како вирусите ги добиле своите имиња*. Класификацијата на групите на патогени микроорганизми е задолжителен дел од секоја научна дисциплина, а во овој случај авторите направиле еден детален преглед на групите вируси класифицирани според фамилиите (вируси со ДНК, двоспирална РНК и едноспирална РНК). На крај од поглавјето се приложени и *Критериумите за класифицирање на различни видови на вируси*.

**Поглавје 3. Морфолошки особини на вирусите** – поглавје кое ќе го воведе читателот во деталните карактеристики на вирусите по кои се разликуваат различни видови или соеви на растителните вируси. Сликовито, поткрепено со голем број на електронски фотографии, ова поглавје дава детална слика за едноставната градба на вирусните честички и соодветните разлики помеѓу различни видови на вируси (издолжени, изометриски, полиморфни вируси).

**Поглавје 4. Физички, биофизички, хемиски и антигени особини на растителните вируси** – според обликот, градбата и составот, растителните вируси исполнуваат одредени особини, кои детално, јасно и концизно се опишани во ова поглавје. Особено акцент е ставен и на молекуларните методи - најсовремени методи на идентификација на вирусите, како и опис на методот на избор за квантификација на нуклеинска киселина (ДНК или РНК) во сите области на молекуларната биологија, а тоа е технологијата на „златниот стандард" полимеразно-верижна реакција во реално време или квантитативен PCR (qPCR) метод. При објаснување во ова поглавје, авторскиот тим користел оригинални фотографии направени во лабораториски услови.

**Поглавје 5. Размножување на вирусите** – редоследно по општите морфолошки особини се надоврзува поглавјето за општите особини на размножување на растителните вируси, како зависни микроорганизми од активноста на клетката домаќин. Направен е детален опис на механизмот на репликација на вирусот, во чекори од внесување на вирусот во клетката до синтеза на нуклеинската киселина и протеинот.

**Поглавје 6. Инфекција и ширење на вирусите во растителната клетка** – имајќи го предвид начинот на размножување на вирусите, како надополнување на размножувањето на вирусите следи поглавјето со детален опис на инфекцијата и ширењето на вирусите преку процесите на инокулација, намножување и ширење на вирусите преку различни делови на растителниот материјал.

**Поглавје 7. Начини на пренесување на вирусите во природата** – поглавје во кое на детален начин е претставена реалната слика на постоењето и пренесувањето на вирусите во природата. Вирусната инфекција може да биде ограничена на местото каде што настанала, при што се појавуваат локални симптоми или може да го зафати целото растение. Вирусите се специфични по тоа што нивните инфекции не можат да се спречат со хемиски средства ниту пак да се лекуваат. Ова поглавје е убав спој меѓу неколку научни дисциплини: фитопатологија – вирологија – ентомологија.

**Поглавје 8. Ефекти на вирусите врз растенијата** – како надополнување на претходните поглавја, откако вирусите се навлезени, намножени и раширени низ растението домаќин, поглавјето 8 дава јасен преглед на промените кои настануваат во внатрешноста на растението домаќин, по вирусна инфекција. Детален преглед и сликовито, со дел оригинални фотографии од авторскиот тим, ова поглавје детално го заокружува животниот циклус на вирусните патогени.

**Поглавје 9. Спречување на ширење на вирусите (агротехнички мерки, биолошко сузбивање, хемиско сузбивање и карантински мерки)** – значаен дел кој ќе наоѓа широка примена во заштитата на растенијата од вирусна инфекција е поглавјето 9, во кое се опишани сите мерки кои може да се преземат пред појава и при вирусна симптоматологија.

**Поглавје 10. Отпорност на растенијата кон вирусите** – Како последно поглавје, но доста значајно, е проучувањето на една од важните карактеристики при проучување на вирусите, а тоа е способноста на човекот и животните да создаваат специфични одбранбени тела, наречени антитела, со кои се борат против антигените т.е. вирусите. Создадените антитела се белковински соединенија кои реагираат со антигените на принципот „клуч и брава“. Оваа реакција завршува со создаден комплекс антиген – антитело, каде што антигенот (вирусот) е спречен од страна на антителата за понатамошно ширење, инфекција и развој на патогенеза. За разлика од нив, растителниот организам, поради разлика во градбата и активноста, нема способност за создавање на антитела, но сепак поглавјето дава акцент на отпорност кај растенијата кон вирусни инфекции и покрај неможноста за создавање на серолошка реакција.

Учебникот завршува со значителна и релевантна користена литература и наведени корисни веб-страници, цитирани во АПА стил.

## ЗАКЛУЧОК

Учебникот „**РАСТИТЕЛНА ВИРОЛОГИЈА – ОПШТ ДЕЛ”** од **проф. д-р Емилија Арсов** и **проф. д-р Саша Митрев** претставува јасен, концизен, прецизен, со стил на пишување наменет за студенти од додипломски и магистерски студии на факултетите од областа на земјоделските науки и заштита на растенијата, како и пошироката стручна јавност, и сите оние кои имаат интерес во растително производство, со цел да се запознаат со дел од проблемите со кои може да се соочат при производството.

Авторскиот тим направил синтеза на научни и стручни аспекти на проблематиката, со цел да ја доближи предметната материја до студентите и останатите целни читатели, кои стекнатото знаење од теоретскиот дел ќе можат практично да го применат при производството и заштитата на растенијата, но и сите оние кои сакаат да го прошират, имплементираат своето знаење или лабораториски да се надградат и истражуваат.

Учебникот воедно ги исполнува правилата и критериумите за објавување. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет учебникот со наслов **„РАСТИТЕЛНА ВИРОЛОГИЈА – ОПШТ ДЕЛ”** од **проф. д-р Емилија Арсов** и **проф. д-р Саша Митрев** да го одобри за издавање.

**Рецензенти**
Проф. д-р Илија Каров, с.р.
Проф. д-р Душан Спасов, с.р.

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3

| | Одлука | Тема | Ментори | Студент |
|---|---|---|---|---|
| ФМН | 0206-775/2 од 5.8.2023 г. | Метод на радиографска проценка на патогенезата на промените во белите дробови кај пациенти позитивни на КОВИД-19“ / „Method of radiographic assessment of pathogenesis of lung changes in COVID-19 positive patinents“ | проф. д-р Голубинка Бошевска, интерен ментор<br>проф. д-р Климе Ѓоревски, екстерен ментор | Драгана Могилевска-Груевска |

## П Р Е Г Л Е Д
## НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА

**Билтен 15.9.2023 година**

| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ | 1. Криминолошките аспекти на сексуалните деликти во Република Северна Македонија со посебен осврт на виктимизацијата на жртвата | 1102-102/17 од 31.8.2023 год. | Доц. д-р Елена Максимова | Викторија Панчурова |
| | 2. Анализа на процесот на европската интеграција на РС Македонија низ призмата на инструментот за претпристапната помош на Европската Унија | 1102-102/18 од 31.8.2023 год. | Вон. проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска | Мануела Беличева |
| | 3. Теориски и практични аспекти на криминалот од омраза во земјите на Западен Балкан | 1102-102/19 од 31.8.2023 год. | Проф. д-р Олга Кошевалиска | Надежда Глигорова |
| | 4. Казнено-правни и криминолошки аспекти на детското престапништво во Република Северна Македонија | 1102-102/20 од 31.8.2023 год. | Проф. д-р Олга Кошевалиска | Сара Николова |
| ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА | 5. Примена на техники на машинско учење за анализа на физичко-хемиските особини на вината | 1502-124/19 од 31.8.2023 год. | Проф. д-р Цвета Мартиновска Банде | Сијче Миовска |
| ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ | 6. Софтверски систем за следење на параметри за здравствена состојба кај пациенти од далечина | 1802-66/6 од 13.9.2023 год. | Проф. д-р Далибор Серафимовски | Стојче Речаноски |
| | 7. Системи за дијагностика и предвидувања на дефекти во индустриски процеси | 1802-66/5 од 13.9.2023 год. | Проф. д-р Сашо Гелев | Никола Данилов |